Врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија „ бр 59/ 00 и 12/03), а во врска со член 2 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија „ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03 и 68/03) и Одлуката за Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата донесена на 22.09.2003 година, Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 19.05.2005 година, донесе

# УПАТСТВО

## ЗА НАЧИНОТ , СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ПОДГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНОВИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство поблиску се определува начинот, содржината и формата на подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа (во натамошниот текст: органи на државна управа).

### Член 2

Стратешкиот план, во смисла на ова упатство, претставува основен план за развој во кој се содржани програмите и активностите со кои органите на државната управа планираат да ги остварат своите цели во наредниот тригодишен период.

Стратешкиот план се заснова на реална и објективна оценка за состојбите на економски, политички, социјален, технолошки и материјален план, создадените нормативни рамки и расположливите човечки ресурси. Оценката на состојбите е резултат на однапред извршените анализи на органот на државната управа (функционална, SWOT, PEST анализа и др.).

Програмите и активностите на органите на државната управа треба да бидат во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, согласно одлуките на Владата на Република Македонија за утврдување на стратешките приоритети.

## II. ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### Член 3

Основни цели на стратешкиот план се:

- да обезбеди рамка во која органот на државната управа ќе може да ја планира, спроведува, следи и редефинира својата програма за работа и истовремено ќе може во процесот на стратешкото планирање да ги

интегрира активностите кои се однесуваат на подготвувањето на политиките;

- да му обезбеди на Генералниот секретаријат на годишна основа да го следи и анализира степенот до кој плановите на органите на државната управа се меѓусебно усогласени како и со стратешките цели утврдени од Владата;
- да му овозможи на Министерството за финансии да провери во колкава мера плановите на органите на државната управа се во согласност со Фискалната стратегија на Владата, да процени до кој степен финансиските средства се насочуваат кон приоритетните програми на Владата и истите да ги има предвид при подготвувањето на Буџетот на Република Македонија;
- да им обезбеди на другите органи на државната управа информации врз основа на кои ќе се остварува координирано планирање и спроведување на политиките на Владата;
- да обезбеди транспарентност во работењето на органите на државната управа кон Собранието на Република Македонија и јавноста.

## III. СОДРЖИНА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

**Член 4**

Во рамките на процесот за стратешко планирање на Владата на Република Македонија органите на државната управа стратешките планови ги подготвуваат со содржина и форма која ги опфаќа следните елементи:

- опис на органот на државната управа;
- цели и приоритети на органот на државната управа;
- програми за остварување на целите и приоритетите;
- остварени резултати;
- постапки за консултации;
- влијание врз законите и другите прописи;
- влијание врз човечки ресурси и
- планот за спроведување

**Член 5**

Описот на органот на државната управа ја дефинира клучната цел (мисијата) на органот на државната управа, како и неговите задачи, обврски и активности и неговите конкретни надлежности во однос на другите органи на државната управа.

Описот на органот на државната управа треба да биде краток, јасен и да ги опфаќа и органите во негов состав.

### Член 6

Целите и приоритетите на органот на државната управа се утврдуваат со цел да се спроведе мисијата и тие треба да ги дефинираат резултатите што се очекуваат да се постигнат во текот на наредните три години. Тие обезбедуваат рамка за планирање која е во согласност со Фискалната стратегија на Владата за истиот период.

Целите и приоритетите се одредуваат врз основа на следните начела:

- поврзаност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија и со мисијата на органот на државната управа;
- реално остварливи со видлива усогласеност меѓу целите и капацитетите на органот на државната управа;
- транспарентност и разбирливост за јавноста;
- јасни обврски и мерливост на очекуваните резултати.

### Член 7

Програмите за остварување на целите и приоритетите на органот на државната управа се поврзани со тековните програми на Владата што се утврдуваат согласно стратешките приоритети на Владата и/или да ја одразуваат неговата мисија.

Конкретните цели на програмата треба да бидат остварливи согласно планот за имплементација и да бидат поврзани со целите и приоритетите на органот на државната управа.

Секоја програма, потпрограма и/или проект содржи план за имплементација во кој ќе бидат утврдени конкретните мерки и активности, рокови, потребните финансиски и материјални средства, човечки ресурси и мерилата и индикаторите за успешноста на реализацијата и проценка на ризиците што може да го ограничат спроведувањето на мерките.

Програмите на органот на државната управа може да бидат институционални (вертикални) каде што носител е еден орган на државната управа и меѓу-институционални (хоризонтални) во чие остварување согласно закон учествуваат повеќе органи на државната управа.

### Член 8

При подготвувањето на стратешкиот план, органот на државната управа извршува проценка на постигнати резултати при остварувањето на програмите во претходната и тековната година со однапред утврдените индикатори за следење кои се составен дел на планот за имплементација.

### Член 9

Во стратешкиот план се наведуваат органите на државната управа и другите заинтересирани субјекти со кои се извршени консултации при неговото подготовување.

## Член 10

Стратешкиот план ги содржи мерките и активностите што иницираат донесување на нови закони и изменување и дополнување на постојното законодавство и измени на актите за внатрешна организација и систематизација на органот на државната управа.

## Член 11

Стратешкиот план содржи анализа на капацитетите во однос на човечките ресурси неопходни за негово ефективно спроведување; согледувања во однос на екипираноста, квалификациите, знаењето и вештините на вработените, планови со пресметки за потребните финансиски средства за нивно спроведување; евентуалниот вишок од вработени кои ќе треба да се прераспоредат на други работни места во органот на државната управа или да се прераспределат во другите органи; детална анализа на потребната обука и дообука во текот на првата година; како и краток преглед на влијанието од спроведувањето на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Член 12

Стратешкиот план содржи предлози за создавање организациски и човечки капацитети за извршување на следните функции:

- креирање и координација на политиките и следење на нивното спроведување со помош на претходно утврдени индикатори;
- стратешко планирање;
- подготвување и извршување на буџетот;
- управување со имотот;
- управување со човечките ресурси;
- управување со информатичката технологија и
- внатрешната ревизија.

## Член 13

Органите на државната управа одредуваат организационен облик надлежен за стратешко планирање.

## Член 14

За спроведување на стратешкиот план се донесува план за имплементација во кој се содржани и плановите за имплементација од член 7 на ова упатство.

Овој план треба да ги дефинира фазите и роковите за постигнување на напредокот во остварувањето на целите и индикаторите за успешност кои се користат при проценувањето на остварувањето на резултатите.

Планот за спроведување претставува основа за годишната програма за работа на органот на државната управа и за подготвување на буџетските пресметки.

## IV. ПРОЦЕС НА ПОДГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### Член 15

Процесот на подготвување на стратешкиот план се одвива низ следните фази:

- прибирање на податоци преку спроведување на Функционална анализа, идентификување на постојните и идните функции, спроведување на PEST и SWOT анализи и разгледување на документација, со цел да се добијат потребните информации;
- анализа на информациите со проценка на фискалните влијанија, анализа на ризици и анализа на функциите од член 12 од ова упатство,
- формулирање на заклучоци и предлози со цел претставување на планот, поставување на долгорочни и среднорочни цели, идентификација на постојните и идните функции
- донесување на стратешки одлуки и
- донесување на стратешкиот план и планот за спроведување.

### Член 16

Спроведените анализи соодветно се документираат во сите фази и за нив се води евиденција.

Процесот на стратешкото планирање се повторува и ажурира секоја година.

Во пресметката на трошоците сите претпоставки треба да бидат документирани и да им обезбедат на органите на државната управа да го разберат процесот на поставување на финансиските предвидувања.

### Член 17

Органот на државната управа ја користи документацијата, информациите и искуствата од другите органи на државната управа, донаторски агенции и меѓународни финансиски институции и од други организации кои имаат влијание врз надлежностите на органот на државната управа во текот на сите фази при подготовка на стратешкиот план.

### Член 18

Органите на државната управа ги усогласуваат своите планови со индикативните финансиски предвидувања на Министерството за финансии и подготвуваат проценка за фискалното влијание за трите години опфатени со стратешкиот план како клучен елемент во процесот на планирањето.

Стратешкиот план содржи образложение за користење на средствата распределени со Буџетот на Република Македонија, како и за индикативните проекции за наредните две години.

Стратешкиот план содржи анализа на ризици – фактори што можат да влијаат врз остварувањето на целите, а се надвор од контролата на органот на државната управа. Анализата се спроведува за секоја од програмите вклучени во стратешкиот план.

Член 19

Во стратешкиот план се наведуваат програмите што се утврдени како приоритетни, при што се земаат предвид целите и приоритетите на органот на државната управа со цел стратешкиот план да се спроведе со расположливите ресурси.

Член 20

При подготвувањето на стратешкиот план се користи образецот даден во прилог на ова упатство.

Органот на државната управа подготвува и скратена верзија на стратешкиот план на активности кој ќе овозможи концизна и суштинска информација за јавноста во врска со мисијата, целите, тековните програми и очекуваните резултати на програмите наспроти целите. Истовремено, скратената верзија ги содржи и мисиите, целите и програмите образложени од страна на органите во состав.

По донесувањето на Буџетот на Република Македонија за наредната година, органот на државната управа скратената верзија на стратешкиот план ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии и ја објавува на својата интернет страница и во печатена форма.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 21

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето.

**Број 19-1857/1**
**19 мај 2005 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Владо Бучковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ